КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVEN AND PROTECTION AG DISCRIMINA

Постапувајќи по сопствена иницијатива и службена должност а по допрен глас од лице со физичка попреченост кое се пожали дека не може да го депонира својот потпис за поддршка на извесна независна листа кандидати за претстојните локални избори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) изврши увид на лице место на кое согласно членовите 21, став 1 алинеи 6, 14 и 15, член 23, став 4, член 27, став 1 и член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), одлучи да поведе постапка за заштита од дискриминација против Државната изборна комисија (ДИК) и на 18.08.2021 го донесе следново

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801 - 228/3
19.8.2021 год.
СКОПЈЕ

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во учество во јавен и политички живот од страна на ДИК врз лицата со физичка попреченост.

О б р а з л о ж е н и е

На 17.08.2021 година, КСЗД на својата службена емајл адреса доби известување од лице со физичка попреченост дека подрачната канцеларија на ДИК во општина Карпош, која се наоѓа на ул. Стрезово бр. 7, 1000 Скопје, не е пристапна за лица со физичка попреченост.

Согласно Роковникот на ДИК, бр. 11-1537/1 донесен на ден 06.08.2021 и објавен на нивната веб страна, постапката за собирање потписи за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, ќе се спроведе во подрачните единици и канцеларии на ДИК, кои се објавени на нивната веб страна со адресни податоци за истите. Согласно Известување на ДИК бр. 11-1580/1 од 12.08.2021, собирањето на потписите започнува на 16.08.2021 и трае до 30.08.2021, секој ден од 08:00 до 20:00 часот, а на ден 30.08.2021 до 24:00 часот. Согласно цитираните документи сите лица кои имаат живеалиште во општините Карпош, Ѓорче Петров и Сарај, доколку сакаат да депонираат потписи за поддршка на независни кандидати за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и градоначалник на Градот Скопје, истото може да го направат во гореспоменатата подрачна канцеларија на ДИК.

На 18.08.2021, КСЗД согласно чл. 29 од ЗСЗД изврши увид во просториите на подрачната канцеларија на ДИК на ул. Стрезово бр. 7, 1000 Скопје, за што е составен записник бр. 0801-228/1. Од увидот беше констатирано дека до просториите на споменатата подрачна канцеларија се стига по приближно 50-тина тесни и стрмни скалила кои се неприспособени за лица со физичка попреченост, за стари, изнемоштени лица и болни лица. Вториот пристап пак, кој води до објектот е по заобиколен, тесен, прилично стрмен асфалтиран пат, по кој може да се користи и возило а завршува пред објектот на една детска градинка. Оттука, по тесен приоден пат кој се користи и како паркинг на возила се стигнува пред влезот во објектот на кој од десната страна стои табла дека се работи за објект во сопственост на Општина Карпош. Тука е сместено и „Подрачно одделение на ДИК“ општина Карпош. До влезот во објектот водат четири бетонски скалила. Од десната страна скалите се обезбедени со метален ракофат а левата страна воопшто не е обезбедена. Членовите на КСЗД на лице место се уверија дека ваквата инфраструктура на објектот оневозможува пристапност и достапност на лицата со физичка попреченост.

Одлуката на КСЗД да поведе постапка за заштита од дискриминација по службена должност е поткрепена и со фактот дека со потенцијалната дискриминација се опфатени поголем број на лица - освен за

лицата со физичка попреченост пристапот е отежнат и за повозрасни лица и лица со нарушено здравје, што значи случајот е од јавен интерес.

Членовите на КСЗД се сретнаа и со службеното лице М.П. кое се претстави дека е вработено во ДИК на работно место - самостоен референт. Тоа лице ни укажа дека оваа подрачна канцеларија во овие простории функционира веќе 9 години. На прашањето како лица со физичка попреченост би можеле да влезат и да го искористат своето уставно право да се потпишат на некоја независна листа за локалните избори, лицето призна дека тоа не е можно. Дополнително, посочи дека како службено лице нема право да ги изнесува листите за собирање потписи надвор од просториите со цел да им го обезбеди правото на лицата со попреченост. Со тоа потврди дека ДИК не нашол алтернативен начин за да им овозможи на лицата со физичка попреченост да го остваруваат своето уставно право на слободен избор и учество во политичкиот живот.

Од извршениот увид, членовите на КСЗД утврдија дека согласно член 4 точки 4 и 5 од ЗСЗД (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, во овој случај се работи за неприспособена инфраструктура која на овие лица им го оневозможува пристапот во објектот на Подрачното одделение на ДИК – Карпош. Со тоа ДИК оневозможил пристапност и достапност на лицата со попреченост на еднаква основа со другите лица, што претставува директна и продолжена дискриминација по основ на попреченост во областа на еднаков пристап и учество во политичкиот и јавниот живот. Имајќи предвид дека прашањата на пристапност и соодветно приспособување на подрачните канцеларии на ДИК влијаат врз учеството во политичкиот живот на повеќе лица, односно дека овие прашања се прашања од јавен интерес, КСЗД донесе

## ОПШТА ПРЕПОРАКА

ЗСЗД пропишува дека оневозможувањето на соодветно приспособување и оневозможувањето на пристапност и достапност до инфраструктура, добра и услуги претставуваат дискриминација. Конвенцијата за правата на лицата со попреченост го гарантира учеството во политичкиот и јавниот живот на лицата со физичка попреченост, а тоа меѓу другото подразбира соодветно приспособување за обезбедување предуслови за учество на лицата со попреченост во политичкиот и јавниот живот под еднакви услови и начин со останатите.

Следствено на тоа **КСЗД носи општа препорака** со која на ДИК му се препорачува да превземе сите потребни вонредни дејствија во насока на обезбедување на правото на лицата со физичка попреченост да можат по сопствен избор да поддржат некоја од независните листи кандидати за претстојните локални избори. Со таквите дејствија ќе обезбеди еднаков пристап и учество во политичкиот и јавниот живот на лицата со физичка попреченост. Имајќи ги предвид кратките рокови за собирање на потписи за кандидати од "група избирачи" во пресрет на претстојните локални избори, КСЗД го повикува ДИК да постапи по оваа општа препорака во најкус можен рок.

Скопје
18.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска